***З А П И С Н И К***
***од 11-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 27.06.2022 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци на Советот на општина Демир Хисар во зградата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар со почеток во 8.30 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Ивана Кочовска, Филип Ангелевски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторовски.

На седницата имаше присутни претставници од општинската администрација Игор Дамјановски, Катерина Радовска, Моника Петревска. На седницата присутен беше ВД директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски, ВД директорката на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар Данка Петревска, претседателот на комисијата за урбанизам, комунални дејности ЗЖС Иван Кузмановски. На седницата присутна беше Мирјана Јанчевска –граѓанин со предходна писмена најава.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

Усвојување на записник од 10 седница на Совет на општина Демир Хисар

За усвојување на записникот гласаа 10 „за“.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за уредување на земјиште на општина Демир Хисар за 2022 година.

2.Донесување на Одлука за именување на лица во составот на Штабот за заштита и спасување на Општина Демир Хисар.

3.Усвојување на Финансиски извештај од ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 година

4.Усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 година.

5. Донесување на Одлука за измени и дополнување на Статутот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

6.Донесување на Одлука за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен смет за населено место Сладуево.

7.Донесување на Одлука за утврдување на висина и наплата на надоместок за користење на простор на градски пазар Демир Хисар.

8.Донесување на Одлука за утврдување на висина и наплата на надоместок за доделување на гробно место во Градски гробишта Демир Хисар.

9.Донесување на Одлука за утврдување на цени на услуги од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за Општина Демир Хисар.

10. Донесување на Одлука за ставање во функција семафорите на раскрсница Битолска- 1-Мај-11 Октомври Демир Хисар.

11. Донесување на Одлука за укинување на одлуката за бракови.

12.Донесување на Решение за измени и дополнување на Решението бр. 415/12 од 13.04.2022 година.

13. Иницијатива за постапка за донесување на ГУП за Демир Хисар и УП за населените места во општината кои немаат урбанистички планови.

14. Предлог за донесување Заклучок или Одлука за граѓаните кои сакаат да градат во населени места каде нема УП нивните објекти да бидат вклопени кога ќе се иработува УП за тоа населено место.

15. Разгледување на барање за финансика помош на Добре Бошевски од с.Слепче.

16 .Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на Дневниот ред со две точки по предлог на Претседателот на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС Иван Кузмановски и тоа како 13. Иницијатива за постапка за донесување на ГУП за Демир Хисар и УП за населените места во општината кои немаат урбанистички планови  и 14. Предлог за донесување Заклучок или Одлука за граѓаните кои сакаат да градат во населени места каде нема УП нивните објекти да бидат вклопени кога ќе се иработува УП за тоа населено место потоа предложи точка 15. Разгледување на барање за финансика помош на Добре Бошевски од с.Слепче. Други предлози немаше. За усвојување на Дневниот ред со дополнувањето гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Одлука за изменување и дополнување на Програмата за уредување на земјиште на општина Демир Хисар за 2022 година***

Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за уредување на земјиште на општина Демир Хисар за 2022 година беше усвоена од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС објасни Претседателот Иван Кузмановски. Во врска со одлуката објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Со оваа одлука се врши дополнување на програмата и усогласување со законот. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Одлука за именување на лица во составот на Штабот за заштита и спасување на Општина Демир Хисар***

За Одлуката за именување на лица во составот на Штабот за заштита и спасување на Општина Демир Хисар објаснување имаше Раководителот Игор Дамјановски. Ова е законска обврска да се врши именување на персоналниот состав на Штабот. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 3. Финансиски извештај од ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 година***

Финансискиот извештај од ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Александра Трајковска. Во врска со извештајот објаснување имаше ВД Директорката Данка Петревска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали претпријатието има дополнителни приходи освен тие од превоз на ученици, сега е распуст нема превоз. ВД Директорката Данка Петревска објасни има лиценца се размислува да се врши превоз на организирани тури или екскурзии, но сега има помал интерес, бидејќи горивото е скапо, но секако се размисува во таа насока. Претседателот на Советот Најдовски додаде треба да се направи добра математика да биди одржливо, се размисува да се отстапи и едно патничко возило од локалната да се користи за превоз на ученици. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 4. Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 година***

Финансискиот извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. Во врска со финансистиот извештај објаснување имаше вд директорот Гоце Мицковски. При тоа напомена загрижувачки е трендот на зголемување на цените на горивото и електричната енергија, ќе мора да се применуваат и непопуларни мерки да се зголеми и цената на услугата за собирање на смет, оваа цена не е променета многу години station наназад. Исто дополнително оптеретување е со зголемување на минималната плата, па сега усогласување на платите сето тоа ги

зголемува расходите. Сепак ќе се направи детална анализа. Советникот Сашо Михајловски истакна на предходната седница поставив прашање што се презема во врска со ненаплатените сметки тоа е се доста средства од она што го имам како информација од предходно. Потоа додаде има кратење на определени трошоци, што е добро, во делот приходи од други услуги има наплата по судски одлуки, што се случи со пресудата, имаше пресуда од 50.000 евра во спорот со благајничката, дали претпријатието ги наплати. ВД Директорот Мицковски објасни благајничката е во казниво поправна установа, паричниот износ од 50.000 евра кој требаше претпријатието да го наплати нема да може, бидејќи се истечени роковите кога требало овие средства да се наплатат. Советникот Михајловски праша каква е состојбата со депонијата, а потоа предложи мора да се најде решение треба да се селектира отпадот. ВД Директорот Гоце Мицковски објасни еден дел од депонијата се затрупува, одговорноста е на сите, решение е со сечење на шумата и со затрупување, но треба да се најде простор каде ќе се дислоцира депонијата тој простор треба да биди на пристапно место, одрживо, треба да се формира тим кој ќе работи на оваа проблематика и да се најде решение. Најдоброто решение е регионална депонија, но тоа е тешко, затоа треба да се најде друга локација за депонија во најкус можен рок. Едно од предлозите беше во Чагор. Советникот Валентин Несторовски додаде мора да се бара решение, се презема отпадот од повеќе населени места. Потоа додаде и трошоците за електрична енергија се за работа на пумпите, мора да се размислува да се искористи водата за пиење преку природен пат. Не е во ред секој трошок народот да го плаќа. Советничката Марина Димитријовска праша за расходот за адвокатски услуги. ВД директорот Гоце Мицковски објасни има од предходно ангажирани адвокатски услуги овие трошоци се повеќе наследени и трошоци за извршители, мора да се зголеми наплатата целата постапка е преку адвокат. Во Смилево и Слоештица водата за пиење е по природен пат, но тие не се во надлежност на општината. За Слепче има проект дел да се користи по природен пат, ако се реализира ќе има намалување трошоците. Претседеателот на Советот Љупчо Најдовски додаде за поскапување на услугите можи да се почека, реконструкцијата на водоводот во Слепче можи да ја земи работата ЈКП „Комуналец“ така ќе имате приходи ако можи да се избегне еден удар на поскапување. И други градежни работи ако ги земе комуналното претпријатие да ги работи ќе има повеќе приходи, ќе нема потреба да се зголемуваат цение, а и средствата наменети за овие активности ќе останат во Демир Хисар нема да се даваат на фирми од други места. Можи и изведбата на тротоарот да е земи со договорни услуги наместо со јавни набавки. За постоечката депонија беше определен просторот од Министерство за животна средина уште во периодот кога јас бев градоначалник, но исто имаше и определено правила како истата треба да се одржува, добар е предлогот со сечење на шумата. За водоснабдувањето уште во времето кога бев градоначалник размислував за централен водовод по природен пат од изворите на Црна река. Тоа е поголем зафата, но тоа е спасот. Советничката Сандра Пејковска истакна никој не е за поскапување на цените на услугите, да се направи детална анлиза, да не се доведеме до ситуација да зголемуваме цени за да биди одржливо претпријатието, најдобро е постапно со време да се согледуваат работите. ВД Директорот Мицковски додаде со преземањето за собирање на смет трошоците се зголемуваат секое одење во Смилево и Слоештица е загуба, средствата кои се добиваат од овие услуги ќе се користат наменски. Дискусијата беше исцрпена. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Одлука за измени и дополнување на Статутот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

За Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар се расправаше на Статутарно правната комисија, но истата не беше усвоена, бидејќи немавме комплетен седнички материјал за точката објасни Претседателот на комисијата Сандра Пејковска. Вд Директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски објасни се прават измени на Статутот на член 20 согласно закон, донесени се на седницата на управен одбор. Има во 2018 година донесено Статут но тој нема согласност од Советот поминат е само на управен одбор.Советничката Сандра Пејковска како претседател на комисијата дополни Одлуката не беше изготвена согласно Закон за јавни претпријатија и не беше изгласана. Советникот Сашо Мијахловски имаше промени во 2018 година, но дали истите се поминати пред Советот не ми е познато.Советничката Ивана Кочовска додаде ако

нема согласност од Советот не е валиден како акт. Поради сето горе наведено советниците едногласно одлучија да се одложи за наредна седница.

***ТОЧКА 6. Одлука за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен смет за населено место Сладуево***

За Одлуката за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен смет за населено место Сладуево објаснување имаше вд директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 7. Одлука за утврдување на висина и наплата на надоместок за користење на простор на градски пазар Демир Хисар***

За Одлуката за утврдување на висина и наплата на надоместок за користење на простор на градски пазар Демир Хисар објаснување имаше вд директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски. Советничката Марина Димитријовска праша во одлуките повиканоста на е член 14 од Статутот дали има проблем од кој Статут е. Вд директорот Мицковски објасни членот 14 е исти. Друга дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 8. Одлука за утврдување на висина и наплата на надоместок за доделување на гробно место во Градски гробишта Демир Хисар***

За Одлуката за утврдување на висина и наплата на надоместок за доделување на гробно место во Градски гробишта Демир Хисар објаснување имаше вд директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски. При тоа објасни трошоците за подготвување на парцелите се 9.500,оо денари, а цената е 8.000,оо денари затоа се бара покачување на цената да биди 10.000,оо денари.Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 6 „за“ 4 „воздржани“.

***ТОЧКА 9. Одлука за утврдување на цени на услуги од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за Општина Демир Хисар***

За Одлуката за утврдување на цени на услуги од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за Општина Демир Хисар објаснување имаше вд директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша како се утврдени цените. Потоа праша кај изградба на потпорни зидови дали е вклучена работнат рака или само материјали. Директорот Гоце Мицковски објасни се формира работно тело од двете институции и се формираа цените во рамките на нормалата нема покачување се планира поинтензивно да се работи наредниот перид. За изградба на потпорни зидови вклучена е и работната рака. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 10. Одлука за ставање во функција семафорите на раскрсница Битолска- 1-Мај-11 Октомври Демир Хисар***

Во врска со Одлуката за ставање во функција семафорите на раскрсница Битолска- 1-Мај-11 Октомври Демир Хисар претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни оваа точка е на дневен ред на негова иницијатива, бидејќи на предходната седница беше објаснето дека поставувањето на легнати полицајци е доста скапо, па ставањето во функција на веќе поставените семафори е најефтино во моментот, од некаде да се почни. Советникот Сашо Михајловски додаде колку тоа ќе биде функционално. Претставникот од општинската администрација Моника Петревска објасни точката не е предлог на општината, согласно Статутот Советот ја носи Одлуката, а Министерство за транспорт и врски дава согласност на проектот за семафорите. Ова е постоечка состојба семафорите се поставени имало целокупна документација треба да се најди да се види. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни семафорите се поставени во времето кога тој беше градоначалник, има целокупна документација, истите се донирани од Владата, треба да се најде документацијата. Онаму каде има потреба ќе се постават и легнати полицајци, а овде ќе се активираат семафорите и тоа ќе помогни за забавување на сообраќајот. Директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски истакна исто и во Сопотница со реконструкцијата на патот се вози многу брзо и за таму треба да се размислува во оваа насока. Советникот Валентина Нестороски додаде кога беа активни семафорите имаше неколку сообраќајки, подобро е да се постават легнати полицајци или кружен тек. Советничката Марина Димитријовска предложи точката да се одложи. Претседателот на Советот

Љупчо Најдовски се согласи да се одложи точката да се размисли убаво што е најдобро да се направи да се подобри безбедноста на овие критични места. Едногласно советниците одлучија точката да се одложи.

**ТОЧКА 11. Одлука за укинување на одлуката за бракови**

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни оваа Одлука за укинување на одлуката за бракови, се наметна како потреба од ставање на дневен ред, поради опшатата состојба со кризата, а се одлеваат доста средства за оваа намена, па се размислување овие средства да се пренасочат да се покрива трошоците за престој на децата на социјално загрозени семејства во детската градинка, општината поради кризата нема средства. Советничката Ивана Кочовска истакна сумата која родителите ја плаќаат во детската градинка е симболична. Советничката Сандра Пејковска додаде треба да се размислува за ова со средствата кои општината ги дава за еднократна парична помош семејствата не можат да имаат некоја помош, исто и овие средства за склучување на брак, а сето заедно се големи средства кои општината ги троши за вакви намени. Подобро е истите да се пренаменат на друго место каде ќе се заврши поголема работа, ова повеќе е расфрлање на средствата отколку помош на граѓаните. Со ова се согласи Претседателот на Совет Љупчо Најдовски додавајќи како случајот со семејството Бошевски од Слепче каде куќата беше зафатена од пожар и се направи материјална штета за такви случаи треба помош од општината. Советничката Марина Димитријовска како координатор на советничка група на СДСМ и коалиција истакна дека оваа советничка група е против, не се согласува да се укини оваа одлука во годината се склучуваат 20 бракови, оваа година можеби има повеќе поради пандемијата, инаку во просек таа е бројката. Советникот Валентин Несторовски се согласи не се многу средства кои се трошат за склучување на бракови, можи да се скрати на други ставки. Преседателот на Советот Љупчо Најдовски рече нема да ја ставам точката на гласање поради различните ставови. По оваа точка не се гласаше останува да важи одлуката за надомест за склучен брак која веќе е донесена и се применува.

***ТОЧКА 12. Решение за измени и дополнување на Решението бр. 415/12 од 13.04.2022 година***

Решение за измени и дополнување на Решението бр. 415/12 од 13.04.2022 година се однесува не усогласување на Решението со Статутот на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар. Дискусија немаше. За донесување на Решението гласаа 6 „за" 5 „воздржани".

***ТОЧКА 13. Иницијатива за постапка за донесување на ГУП за Демир Хисар и УП за населените места во општината кои немаат урбанистички планови***

Иницијатива за постапка за донесување на ГУП за Демир Хисар и УП за населените места во општината кои немаат урбанистички планови. За оваа точка претставникот од општината Катерина Радовска предложи да се расправа на наредна седница, беше предложена на сама седница, да се одложи, бидејќи треба да се даде подетални објаснувања.

***ТОЧКА 14. Предлог за донесување Заклучок или Одлука за граѓаните кои сакаат да градат во населени места каде нема УП нивните објекти да бидат вклопени кога ќе се изработува УП за тоа населено место***

Во врска со предлогот за донесување Заклучок или Одлука за граѓаните кои сакаат да градат во населени места каде нема УП нивните објекти да бидат вклопени кога ќе се изработува УП за тоа населено место претставникот Катерина Радовска објасни законски кога се гради објект мора да се добие одобрение за градба, ако нема катастарот нема да ги внеси нема да има основ. Проблем е да извади извод од план бидејќи нема урбанистички план. Претседателот на комисијата Иван Кузмановски објасни тоа беше и целта на ставање ваква точка на днвен ред. Да се најди правен основ некој поолеснителен пат луѓето кои сакаат да градат, а нема урбанистички план да можат да изградат легално кој сака да остај пари во општината да се најди некое решение во интерес и на населението и на општината. Општината нема урбанистички планови, а сакаат луѓето да градат, законот е исти секаде, Советот неможи да е над законот. Советникот Сашо Михајловски предложи по ова прашање Советот или општината можи само да поднеси илицијатива. Да се направи едно барање до ЗЕЛС и до Минситерство за транспорт и врски да се поднесе иницијатива да се направат

законски измени во руралните средини да има полесни услови за добивање на одобрение, сите се соочуваме со вакви проблеми. Ако постапката не е согласно законот е неприменлива. Советничката Ивана Кочовска додаде Советот неможи ништо да направи, а советничката Сандра Пејковска рече каква и да се донеси одлука ќе биди ништовна. Да се задолжат стручните лица во администрацијата да ги утврдат сите проблеми со кои се соочуваат при ваквите постапки да изготват иницијатива до ЗЕЛС и МТВ и да се бара законски решенија за ваквите проблеми. Советничката Ивана Кочовска праша до каде е постапката со ГУП-от за Демир Хисар. Претставникот Катерина Радовска објасни тука се проблем парцелите кои се под закуп. Советничката Марина Димитријовска предложи ако има можност да се иземат тие парцели, а советникот Аце Јанкуловски праша колку површина е тоа. Претседателот на комисијата Иван Кузмановски предложи да се бара решение можи тие парцели да се иземат за останатиот дел да се изготви ДУП ако треба да се најде архитиект со поголемо искуство кој може да најде решение. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски за наредна седница да се подготви иницијативата, еве советничката Ивана Кочовска можи да ја однесе иницијатаивата службено од општината. Советниниците едногласно го прифатина заклучокот со кој предлага општина Демир Хисар да поднесе Иницијатива до ЗЕЛС, како и до Министерство за транспорт и врски да се донесе законско решение со кое ќе се регулира во општини до 10.000 жители кои се на удар од миграцијата и се постојано иселување, да се утврдат олеснителни околности за добивање на одобрение за градба, со цел да се задржат и тие малку заинтерсирани лица кои сакаат да останат во овие населени места. Исто така лицата кои градат во овие населени места каде нема урбанистички план да можат изградените објекти да ги внесат тогаш кога ќе се изготвуваат урбанистички планови исто да се прифатат препораките на жителите на населените места при определување на градежниот опфат. Истите да не бидат на удар на инспекциски служби, бидејќи не по нивна вина овие населени места не се урбанизирани.

***ТОЧКА 15. Разгледување на барање за финансика помош на Добре Бошевски од с.Слепче***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците до Советот има поднесено барање од Добре Бошевски од Слепче за финансиска помош, бидејќи имаше пожар во неговата семејна куќа со што е предизвикана голема материјална штета. За ублажување на последиците од пожарот Претсеателот на Советот предложи 60.000, оо денари како финансиска помош. Со 11 „за“ беше прифатен предлогот.

***ТОЧКА 16. Предлози и прашања***

Советничката Ивана Кочовска во врска со иницијативата за ослободување од плаќање на децата во детската градинка Советот е против ослободување на сите деца од плаќање, ова можи да важи за децата на социјално загрозени семејства.

Советничката Јасмина Јовановска додаде во детската градинка претежно вработените ги носат децата.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски

-се согласи ова можи да се однесува само за социјално загрозени семејства

-на влезот во Загориче од патот за Стругово има дива депонија да се исчисти

-за Смилево има потреба од 5 тури гребен асвалт советот ги одобрува, советничката Ивана додаде тоа е регионалн пат да се разговара со пратеничката. Советникот Јордан Кромидаровски додаде има изработен проект се чека повик за аплицирање.

-Иницијативниот одбор за изградба на храмот имаше состанок се размислуваше за распишување на референдум во Демир Хисар собирање на средства преку самопридонес од граѓаните, ова е начин да се соберат средства.

Советничката Марина Димитријовска истакна во Сопотница со асфалтирање на улицата т.н Средни пат по крајот на улицата од страна на изведувачот има оставено отворен канал изработен е со бетонски плочи, тој нема некоја посебна улога, но претставува опасност за малите деца. Ова е населено место можи да се случи да се повреди некој, жителите на Сопотница бараат да се постават решетки да се покрие. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи градоначалникот и надзорот на објектот да одговорат позитивно на барањето на граѓаните.

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС Иван Кузмановски како проблем ги посочи двата објекти под патот старата општинска зграда и објектот каде беше сместен УЈП двата објекти се во многу лоша состојба и се опасност, да се срушат и да се направи паркинг додека се одлучи што би се градело таму. Советничката Сандра Пејковска се согласи предлогот е добар.

Советник Филип Ангелевски истакна во новата населба на самите игралишта има поставено сушници за тутун, граѓаните реагираат да се тргнат сушниците од терените и да се поставт кошеви, бидејќи столбовите од кошевите стојат, односно да се стават во фунција. Советничката Ивана Кочовска додаде треба да се тргнат сушниците да се реагира побрзо, пред да почне бербата на тутун. Игралиштето не е место за поставување сушница. Советникот Валентин Несторовски рече за ваквите проблеми треба порано да се реагира, бидејќи населението овде се занимава со тутун и не е тоа лесно да се дислоцира сушница среде берба. Предлогот е прифатлив треба да се даде разумен рок. Советничката Сандра Пејковска додаде треба инспекциските служби да реагираат на време пред да се постават. Советникот Сашо Михајловски дополни некој велат оваа сезона нека останат па после да се тргнат.

Мирјана Јанчевска присутна на седницата како граѓанин со предходна писмена најава го истакна проблемот со бездомните кучиња

1.Во месец Март се донесе програмата за контрола на популација на бездомни кучиња, тоа е многу добро, но наместо позитивен ефект од тоа се добива негативни резултати, се прават опстукции на ветеринарната служба градоначалникот му кажува кој кучиња треба да се заловат. Наместо навреме да се стерилизираат посочените кучиња и за нив има интерес да се вдомат, тие се оставаат да имаат мали кучиеа и сега наместо три скучни кучки, сега имаме дванаесет бездомни кучиња. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни Советот ги носи одлуките градоначалникот и општинската администрација ги спроведуваат и се должни да ги почитуваат одлуките од совет. Тука треба да реагира градоначалникот ако некој не си врши работата. Мирјана Јанчевска додаде имаме поднесено барање до општината и посочено кој кучиња да се заловат, согласно член 66 од законот за заштита на животни има казна за субјектот кој несоработува со граѓаните, ние сепак соработуваме да не настани хаос. Бараме градоначалникот да дозволи хуман третман на кучињата, да не саботира програмата да дозволи да се спроведува програмата да не прави забрани. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде градоначалникот треба да ги почитува одлуките на Советот, ако прави грешка реагирај, ако ние правиме грешка на Советот реагирај, нашата надлежност е таа навреме да донесиме програма, а надлежноста на општината е да ја спроведува. Советничката Сандра Пејковска рече овде се мешаат надлежностите, програмата е донесена навреме, и повеќе ние немаме надлежност. Треба да се слушне и другата страна. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни разговарано е со градоначалникот за оваа проблематика, според него се спроведуваат одлуките вработените кои се задолжени си ја вршат работата. Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 944/2<br>27.07.2022 година<br>Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>Претседател,<br>Љупчо Најдовски